| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **Банки, берзи и инвестициони фондови** | | | |
| 2. | **Код** | 50835 | | | |
| 3. | **Студиска програма** | Деловно право | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје<br>Универзитет “Св.Кирил и Методиј“ Скопје | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор циклус | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | Втора година, трет семестар | **7.** | **Број на ЕКТС кредити** | 6 |
| 8. | **Наставник** | проф.д-р. Димитар Гелев<br>доц.д-р. Биљана Петревска | | | |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | Нема | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | |
| | Цел на предметната програма на Банки, берзи и инвестициони фондови е да им овозможи на студентите да се стекнат со продлабочени знаења за овие институции релевантни за функционирањето на пазарот во секоја земја (банките, берзите и инвестиционите фондови).<br>Посебни задачи на оваа програма се:<br>- студентите да ги разберат основните концептуални, терминолошки и етимолошки поими а пред се правни институти во банките, инвестициксите фондови и берзите. Правната природа на банките, инвестициски фондови и берзите.да ги оспособи студентите самостојно да ги идентификуваат и кр - студентите да бидат во состојба да ги знаат правната природа на банките, инвестициските фондови и берзите и др.итички да ги анализираат основните институти на арбитражното право,<br>- студентите да бидат во состојба да ги разберат статусните аспекети, внтарешната организација , управувањето, контролата и надзорот на банките, инвестициските фондови и берзите.<br>- да развиваат вештини за примена на стекнатите знаења во практиката во врска со оваа материја.<br>За остварување на овие цели и задачи предметната програма по Банки, берзи и инвестициони фондови ќе ги обработи теоретските аспекти на проблематиката, а потоа ќе се фокусира на практичната примената на правните правила (законски акти, автономни правила на овие пазарни институции и на правилата содржани во меѓународните конвенции, билатералните договори, европските прописи и автономните трговски правила) со кои се регулира оваа област.<br>По завршувањето на ова предметна програма студентите:<br>- ќе можат самостојно да ги истражуваат институтите на банките, берзите и инвестиционите фондови од теориски аспект, начините на нивно нормативно обликување и конкретизација и примената во практиката. | | | | |
| 11. | **Содржина на предметната програма:** | | | | |

| | |
|---|---|
| | Банките, берзите и инвестиционите фондови претставуваат гранка на правниот систем што ги опфаќа правните правила што ги обликуваат овие институции. Предметната програма ги обработува основните прашања на банкарските и небанкарските финансиски услуги и карактеристиките на организационите форми што ги даваат ови е услуги. Наспроти банките, коишто се традиционални и добро познати институции на нашите простори, инвестициските фондови се новина на финананскиот пазар на небанкарски услуги. Отука изучувањето и анализирањето на правната регулатива за банките, инвестициските фондови и берзите е во средиштето на содржината на овој предмет.<br>Предметот ја определува содржината на предметната програма, изворите, и методолгијата според којашто се истражуваат правните прашања релевантни за изучување на банките, инвестициските фондови и берзите.<br>Се проучуваат основните општотеоретски прашања за банките, поимот, видовите банки и сличностите и разликите на банките со другите финансиски организации, условите и постапката за основање на банка, филијали на банки од земји членки на европската унија; започнување со работа, супервизија, мерки за реорганизација, работењето на банка, филијали на странски банка; филијали на банки од Република Македонија во странство, согласности и известувања на Народната Банка; вложувања на банка, ликвидност на банката, отворена девизна позиција), управување и органи на банка; прашања по кои банката не може да одлучува без претходна согласнос на гувернерот на Народна банка; извештаи, сметководство и ревизија, банкарска тајна, здружување на банки, супервизија, консолидирана супервизија и надзор, контрола на законитоста во работењето на лица кои не се банки, мерки кои може да ги презема гувернерот на Народната банка; статусните промени; превземањето на банките; процедурите за донесување на решенија; судската заштита и доставувањето; престанокот на банка – ликвидација, ликвидациона постапка, стечај и стечајна постапка.<br>Натаму се проучуваат основните акти и документи на ЕУ кои се од значење за уредување на банките во Република Македонија.<br>Предметната програма натаму ги проучува основните општотеоретски прашања за инвестиционите фондови, поимот, видовите на инвестиоциони фондови, сличностите и разликите со банките и со другите финансиски организации, историјата на настанувањето на разните виови инвестициони фондови, разликите помеѓу Private Equity Funds и Mutual Funds, видовите на институционални инвеститори (инвестиционите фондови, пензиските фондови и осигурителните друштва), отворените инвестициони фондови, затворени инвестициони фондови, инвестициони фондови според видот и обликот на имот - инвестициони фондови кои инвестираат во хартии од вредност – акции, обврзници или во акции и обврзници, функционирање на инвестиционите фондови, основните белези, активности, управувањето и ограничувањето во работењето на друштвото за управување со инвестициски фондови; основна главнина, предмет на работење, организациона, техничка и кадровска оспособеност, управување со средства за сметка на индивидуален клиент; регистар на удели и акции; пренесување на дел од работите на управување со инвестициски фонд на трети лица; основање на друштво за управување со инвестициски фондови; подружница на странско друштво за управување со фондови; акционери и акционери со квалификувано учество; стекнување на квалификувано учество во друштво за управување со инвестициски фондови; статут на друштвото за управување со инвестициски фондови, управување и органи на управување со инвестициски фондови; обврски на друштвото за управување со инвестициски фондови; одземање на дозволата за работа на друштво за управување со инвестициски фондови и пренос на работите на управување на ново друштво за управување со инвестициски фондови; ограничувања и одговорност на друштвото за управување со инвестициски фондови; финансиски |

| | | |
|---|---|---|
| | извештаи, правната регулатива за друштвото за управување со приватни инвестициски фондови, отворените и затворените инвестициски фондови, депозитната банка и правната регулатива за утврдувањето на вредноста на имотот и цената за акциите или уделите во инвестициските фондови, како и основните акти и документи на ЕУ кои се од значење за уредувањето на инвестициските фондови во Република Македонија.<br>Натаму, предметната програма ги проучува основните општотеоретски прашања за берзите - поим, видови берзи, основни податоци за најголемите бези во светот; меѓународните организации на комисиите за хартии од вредност и на берзите на хартии од вредност, основните аспекти на тргувањето со хартии од вредност, условите за основање на берза, органите на управување на берзата; поимот саморегулирачка организација; решавањето на споровите меѓу членките, податоците, водењето евиденцијата и информатичкиот систем, забранетите дејствија, актите кои подлежат на одобрување од комисијата; согласност за именување директор на берзата, основните правни аспексти на овластените учесници на пазарот со хартии од вредност – брокерските куќи и овластените брокери, основните аспекти на забранетите дејствија во работењето со хартии од вредност, основните аспекти на надзорот и контролата и основните акти и документи на ЕУ кои се од значење за уредување на берзите. | |
| **12.** | **Методи на учење:** | Материјата е поделена во 12 тематски единици Во рамките на секоја тематска единица прашањата ќе се анализираат од теоретски и од практичен аспект. Студентите ќе бидат поттикнувани за самостојна и тимска истражувачка работа, менторирана од предметните наставници, која што ќе им овозможи продлабочени знаења и развој на вештини.<br>Во предавањата ќе се користат различни техники на работа, вклучително Power Point презентации, индивидуални и групни презентации од студентите како и заеднички дискусии. Предавањата ќе бидат интерактивни, а се очекува и ангажираност на студентите од аспект на истражување на одредени теми во и вон материјалот кои можат да бидат презентирани во договор со предметниот професор. Задачите за секоја наредна недела (каде е можно и порано) ќе бидат однапред назначувани со цел студентите да имаат доволно време да се подготват.<br>Од студентите се очекува да развијат истражувачки и аналитички вештини, но и да аплицираат презентерски вештини на час.<br>Што се однесува до задолжителната литература освен законите, студентите |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ќе добијат соодветни материјали што ќе мора да ги прочитаат. Што се однесува до литературата која студентите ќе мора да ја совладаат како испитна литература, таа ќе биде потесна од онаа што е предвидена за читање во согласност со ЕКТС стандардите (до 330 страни).<br>Дополнителната литертура ке им помогне на студентите кои имаат интерс да ги продлабочат своите знаења како и за изработка на магистерски тези. | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 6ЕКТС = 150 часа | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 52,5+0+17,5+0+80 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | | 70 бода |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | | 20 бода |
| | **17.3** | **Активност и учество** | | 10 бода |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | Реализирани активности 16.1, 16.2, 16.3 | | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик/Англиски јазик | | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | | |

| 22. | Литература | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **22.1** | **Задолжителна литература** | | | |
| | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | **1.** | проф. д-р Тито Беличанец | Банки, инвестициски фондови и берзи – законска регулатива, учебно помагало | Правен факултет “Јустинијан Први“ УКИМ | 2010 |
| | **2.** | Михаил Петковски | Финансиски пазари и институции | Економски факултет, Скопје | 2004 |
| | **3.** | | Закон за банките | Службен весник на Република Македонија | 67/2007, 90/2009, 67/2010, 26/2013, 15/2015, 153/2015, 190/2016 |
| | **4.** | | Закон за инвестициските фондови | Службен весник на Република Македонија | 12/2009, 67/2010, 24/2011, 188/2013, 145/2015, 23/2016 |
| | **5.** | | Закон за хартии од вредност | Службн весник на Република Македонија | 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 23/2016 |
| **22.2** | **Дополнителна литература** | | | | |
| | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | **1.** | Wernhard Möschel | Public Law of Banking | Brill/Nijhoff | 2014 |
| | | | | | |
| | **2.** | William Blair, Felicity Maher | Butterworth Banking Law Handbook | Butterworth | 2017 |
| | **3.** | Danny Busch, Guido Ferrarini | Regulation of the EU Financial Markets: MiFID II & MiFIR | Oxford University Press | 2017 |